ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

## „ЕФИКАСНОСТ НА ПРОЕКТОТ – БАЊСКО КЛИМАТСКА РЕКРЕАЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ“

02 2016 00 06

**Скопје, јануари, 2017 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1-3 |
| Основни податоци | 4-12 |
| Цел, опфат и методологија на ревизијата | 13-16 |
| Ревизорски наоди | 17-30 |
| Заклучок/Заклучоци | 30-30 |
| Препораки | 31- 31 |

Кратенки користени во извештајот:

Владата - Влада на Република Македонија;
МТСП - Министерство за труд и социјална политика;
ПИОМ - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија;
Комисија - Комисијата за разгледување и рангирање на корисници на пензија;
ФЗОМ – Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:10-47/1

Дата: 18.01.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на проектот – бањско климатска рекреација на пензионери” со цел да се даде одговор на поставеното прашање „дали со реализација на проектот се овозможува ефикасно постигнување на целите, грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани“ како и давање препораки кои ќе бидат насочени кон зголемување на ефикасноста на проектот.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:
Континуираната реализација на проектот во период од 2010-2015 година, влијае на остварување на позитивни влијанија од истиот како за корисниците на истиот, пезионерите, така и позитивното негово влијание и за давателите на услугата бањско климатска рекреација и лекување по проектот, односно за бањите. Земајќи ги предвид трите аспекти на проектот и тоа социјалниот, рекреативно туристичкиот и здравствениот аспект, ревизијата утврди дека во самиот проект како и во актите поврзани со реализацијата на истиот, склучените договори помеѓу МТСП и бањите, одредени прашања не се целосно разработени и прецизирани. Имајќи ги предвид утврдените состојби од страна на ревизијата и дадените препораки по истите, треба да се разгледа можноста и потребата за негово продолжување во иднина, заради грижа за старите лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани.

Постои потреба за преземање на дополнителни активности и мерки во областите предмет на ревизија, а пред се во делот на доуредување на одредени прашања, кои не се целосно разработени и прецизирани во одредбите од склучените договори со бањите.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е периодот од 2010 -2015 година до денот на изготвување на овој извештај.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во субјектите опфатени со ревизијата беа насочени кон следните области на ревизија и тоа како што следува:

- Законска регулатива, стратешки документи и донесени акти за проектот и
- Реализација на проектот.

Со извршената ревизија констатиравме одредени состојби во областа предмет на ревизија и тоа како што следува:

**Законска регулатива, стратешки документи и донесени акти за проектот**

Со увид во законските и подзаконските акти со кои се уредува архивското работење, односно Закон за архивски материјал, Уредба за канцелариско и архивско работење и Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариско и архивско работење утврдивме дека постапувајќи по интерните акти за архивско работење, Комисијата за разгледување и рангирање на корисници на пензија за бањско климатска рекреација, не пристапила кон целосно зачувување на комплетната документација поврзана со проектот за сите претходни години во делот на документацијата поврзана со рангирањето на корисниците и кварталните извештаи доставени до Владата на Република Македонија, за периодот од 2010-2015 година, освен за 2016 година.

**Реализација на проектот**

Врз основа на склучени договори помеѓу МТСП и бањите даватели на услугата за бањско климатска рекреација и лекување се врши реализација на проектот за што ревизијата утврди дека: во договорите не се допрецизирани прашањата за данокот на додадена вредност и таксата за привремен престој; не е уреден начинот на потврдување на извршените здравствени услуги во бањите по проектот; непочитување на одредбите од договорот, кон фактурите за извршената услуга во

бањите задолжително да се доставува список за видот на користената услуга по проектот; МТСП не врши мониторинг, надзор на давањето услуги по проектот на начин определен во проектот, процедурата, акционоот план и склучените договори.

Заради надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки насочени кон подобрување на ефикасноста и ефективноста на проектот бањско климатска рекреација на пензионерите како за корисниците на истиот, пензионерите, така и за бањите даватели на услугата.

По Нацрт Извештајот на ОДР не се доставени забелешки од страна на субјектите опфатени со ревизијата, односно Министерството за труд и социјална политика, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување и бањите:

1. Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања ДОО“ Катланово,
2. Здравствена установа - Природно лекувалиште „Негорски Бањи АД“ с.Негорци – Гевгелија,
3. Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи – ЦАПА АД“ Дебар и
4. Здравствена установа „АД Цар Самуил“ с.Бањско Струмица.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

Процесите на демографско стареење ги менуваат природните текови на обновување на населението, а стареењето на популацијата, само по себе наметнува голем број на нови квалитативни и квантитативни здраствени, економски и социјални проблеми и упатува на потребата од изнаоѓање начини за нивно надминување.
Република Македонија не заостанува во следењето на современите текови за определување на приоритети и задачи за делување, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на живеење на старите лица.

Определени заложби на Владата на Република Македонија насочени кон преземање на мерки и активности за подобрување на животот во староста содржани се во Проектот - Користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, кој е составен дел на Програмите за работа на Владата на Република Македонија во делот на Социјална политика - Достоинствен живот на пензионерите и социјално партнерство и тоа:

- во Програмата за период 2011-2015 година предвидено е вкупно 40.000 пензионери да бидат корисници на проектот и
- во Програмата за период 2014-2018 година предвидено е да бидат опфатени 22.000 пензионери.

Проектот се реализира веќе шест (6) години, почнувајќи од 2010 година и последователно секоја наредна година во периодот 2011-2015 година, а во тек е неговата реализација во 2016 година.
Целна група на проектот се корисниците на старосна, семејна и инвалидска пензија кои оствариле право на пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за кои е обезбеден бесплатен престој во бања и надомест на патни трошоци, превоз од местото на живеење до бањата.

Цел на проектот е подобрување на општата здравствена состојба на овие корисници, како и исполнување на заложбите на Владата на Република Македонија за грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани.

Со проектот е определено дека во текот на една календарска година, истиот има времетраење од девет (9) месеци и тоа од месец Март до месец Ноември, во кој период се спроведуваат повеќе активности, содржани и во Акцискиот план со

определена временската динамика за нивна реализација. Во текот на месеците јули и август не се врши распоредување на корисниците заради летните одмори.
Корисниците на услугата се упатуваат во бањите во два циклуси односно периоди и тоа: првиот од месец март до месец јуни и вториот од месец септември до месец ноември, во рамките на кои се определуваат термини во траење од седум (7) дена.
Во рамките на проектот предвидено е на годишно ниво услугата на бањско климатска рекреација да се реализира за 5.500 корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија, која опфаќа:

- 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно);
- бањска терапија;
- еден задолжителен здравствен преглед;
- трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на корисникот до установата во која ќе се користи услугата на бањско климатска рекреација.

Исто така, лицата корисници на пензија кои користат и паричен надоместок за помош и нега од друго лице или додаток за слепило и мобилност имаат право на придружник за време на користењето на услугата бањско климатска рекреација.
Придружникот има право на:

- 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно)
- трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на придружникот до установата во која ќе се врши услугата на бањско климатска рекреација.

За користењето на оваа услуга Министерството за труд и социјална политика објавува повик во медиумите во текот на јануари (за реализираните проекти во периодот 2010-2015 година), освен за 2016 година кога објавениот повик е во месец октомври 2015 година, за следната година. По објавувањето на повикот заинтересираните корисници на пензија поднесуваат барање до подрачните единици на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија според местото на живеење на корисникот на пензија, по однапред изготвен образец.

Изборот на корисниците на пензија коишто ќе користат услуга на бањско климатска рекреација за предметната година врши Комисија за разгледување и рангирање на корисници на пензија за бањско климатска рекреација, формирана со решение од министерот за труд и социјална политика, во којашто има претставници од: Министерството за труд и социјална политика, претставници од Канцеларијата на Претседателот на Владата на РМ и Министерството за финансии.

При рангирањето на корисниците на пензија се има во предвид фактот дали пензионерот ја користел услугата во претходни години, односно пензионерите кои претходно ја користеле услугата, не можат истата да ја користат, со што се отвара можност на други корисници да бидат соодветно рангирани и да ги користат услугите од овој проект.

Давањето на услугата бањско климатска рекреација на пензионери по проектот, се остварува во четири (4) бањи во Република Македонија и тоа:

1. Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања ДОО“ Катланово,
2. Здравствена установа - Природно лекувалиште „Негорски Бањи АД“ с.Негорци – Гевгелија,
3. Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи – ЦАПА АД“ Дебар и
4. Здравствена установа „АД Цар Самуил“ с.Бањско Струмица,

со кои Министерството за труд и социјална политика склучува годишни договори за регулирање, обезбедувањето и извршувањето на услугата за бањско климатска рекреација и лекување на пензионерите во Република Македонија.
Со овој проект се овозможува бањско климатска рекреација на корисниците на пензија, а истовремено се развива и бањско климатскиот туризам што на правните лица кои ја сервисираат оваа услуга ќе придонесе за сигурни финансиски приходи.

Цената на услугата за бањско климатска рекреација и лекување за еден пансион изнесува 990,00 денари дневно, а наведената цена е иста како за пензионерот, така и за придружникот. Во цената на услугата засметани се услугите опфатени во договорот кои давателот на услугите е должен да ги даде на корисниците на услугата.

## 2. Законска регулатива

Проектот – бањска климатска рекреација на пензионерите е уреден со Процедурата за реализација на проектот користењето на услугата за бањско климатска рекреација на корисници на пензија и во истата се определени корисниците, односно услугата може да ја користат лица корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија остварена според прописите на Република Македонија и одредбите од договорите за социјално осигурување кои што Република Македонија ги применува, а кои што живеат на територија на Република Македонија. Остварувањето на правото на старосна, инвалидска и семејна пензија е уредено со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а корисници на пензија кои користат и паричен надоместок за помош и нега од друго лице или додаток за

слепило и мобилност, глувост и инвалидност, овие права ги остваруваат согласно одредбите од Законот за социјална заштита и подзаконските акти донесени по истите.

Сите подготвителни активности за Проектот и неговата реализација се спроведуваат по Процедура и Акционен план, донесена од страна на МТСП, согласно заклучоци на Владата на Република Македонија, со кои подетално се наведуваат активностите и временскиот период на нивна реализација од страна на институциите вклучени во Проектот – бањска климатска рекреација на пензионерите.

### 3. Финансиски средства за реализација на проектот

Финансиски средства за проектот, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, во Раздел 15001-Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Програма 50–Надоместоци за социјална заштита, Расходна ставка 464 - за бањско климатска рекреација и трошоци за превоз, расходна ставка 431.

### 4. Институциите одговорни за темата предмет на ревизија

Изготвувањето на акти кои се однесуваат на планирањето, отпочнувањето и реализацијата на активностите за Проектот – бањска климатска рекреација на пензионери се спроведуваат од страна на:

- Владата на Република Македонија;
- Министерство за труд и социјална политика;
- Фондот за ПИОМ на Република Македонија со своите Подрачни единици и
- концесионери, правните субјекти кои стопанисуваат со бањите.

#### 4.1. Влада на Република Македонија

Владата на Република Македонија е партнер на Проектот бањско климатска рекреација на пензионерите, до која Министерството за труд и социјална политика на крајот на годината откако ќе се реализира Проектот бањско климатска рекреација на пензионерите, ја доставува изготвената Информација за реализацијата на Проектот бањско климатска рекреација на пензионерите за конкретна година, со Акциски план. Истата содржи податоци за бројот на корисниците на пензија и придружниците кои во периодот март-јуни и септември-октомври ја искористиле услугата по проектот по посебни податоци за секоја бања. Освен до Владата, Министерството ја доставува Информацијата и до

Министерството за финансии, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Секретаријатот за законодавство.
Добиената Информација со Акциски план, Владата на Република Македонија ја разгледува, ја усвојува и донесува заклучоци со кои се овластуваат, односно задолжуваат субјектите вклучени во проектот да спроведат одредени активности[1].
Министерството за финансии, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Секретаријатот за законодавство, за добиената Информација писмено до Министерството за труд и социјална политика доставуваат мислење по истата.

## 4.2. Министерството за труд и социјална политика

Носител на проектот е Министерството за труд и социјална политика, заради што ова министерство за уредување на начинот на реализацијата на проектот на годишно ниво донесува „Процедура за реализација на проектите користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија“. Со донесените процедури уредени се активностите, обврските и задолженијата на секоја институција инволвирана во реализацијата на проектот и тоа:

- периодот во кој ќе трае повикот објавен од страна на МТСП;
- формирање на Комисија од страна на министерот;
- определување на бодови и рангирање на корисниците на пензија со користење на компјутерска алатка, изготвена од Одделението за информатика во МТСП;
- објавување на списоци на веб страната на МТСП на корисниците на пензија на кои им се одобрени барањата за бањско климатска рекреација според ранг листата по извршеното рангирање;
- доставување на списоците до Фондот за ПИОМ и до секоја бања со определување на сите елементи кои треба да ги содржат секој од списоците;
- авторизација со параф на списоците (до бањите) од претседателот на Комисијата, кој вообичаено е вработен во Секторот ПИО при МТСП како и
- вршење на мониторинг од МТСП со државни службеници овластени со решение на министерот за труд и социјална политика.

Со Акциониот план се утврдени роковите за реализација на активностите на МТСП и тоа за:

- подготвување на интерна процедура за начинот на спроведување на акцискиот план,
- објавување на повик во медиуми,

[1] Согласно Извадок од Нацерт-записник од седница на Владата на Република Македонија кој се доставува до Министерството за труд и социјална политика.

- формирање на комисија за разгледување и рангирање на корисници на пензија за бањско климатска рекреација,
- увид на состојбата на објектите за бањско климатска рекреација,
- изготвување извештај за состојбата на објектите за бањско климатска рекреација,
- подготовка и потпишување на договори со правни лица регистрирани за вршење дејност од областа на здравствена заштита за користење на услуга за бањско климатска рекреација,
- подготовка на образец Барање,
- подготовка на начинот на распределба на бодовите од 1 до 100 на подносителите на барањата,
- имплементирање на проектот.
- **Комисијата за разгледување и рангирање на корисници на пензија** за бањско климатска рекреација согласно Процедурата и Акциониот план е надлежна за:
- разгледување на пристигнатите предмети, рангирање според утврдени критериуми со бодови и изготвување на ранг листа и списоци,
- подготвување на списоци за корисниците, по градови, бањи и термини,
- изготвување на списоци за превоз,
- проверка на фактури и евиденција на пензионерите кои ја користеле услугата и
- постапување по поединечни барања (писмени и телефонски преку кол центар на ПИОМ) за промена на термин или бања.

**МТСП и концесионерите, правните субјекти кои стопанисуваат со бањите** вклучени во проектот, склучуваат годишни договори за реализација на бањско климатска рекреација и лекување на корисници на пензија, по кој основ се врши фактичката реализација на проектот.

- **Фондот за ПИОМ на Република Македонија со своите Подрачни единици** согласно Процедура и Акциониот план е надлежен за:

- прием на апликации, барања од пензионери за користење на услугата од проектот,
- комплетирање на предметите и
- достава на комплетни предмети до комисијата со список на поднесители на барање пензиски броеви со список и во електронска форма (excel – табела).

### 4.3. Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања ДОО“ с. Катланово Петровец - локалитет „Бањски рид“ с.Катланово општина Петровец

Термоминералната вода на овој локалитет се користи за лековити цели, од римскиот период, како и во Отоманската империја. Просечна температура на термоминаралната водата е 39 целзиусови степени, истата е високо минерализирана бикарбонатна вода, богата со калциум, магнезиум, натриум[2], корисна за лековити-балнеолошки цели и не е за пиење. Во оваа бања се даваат услуги за медицинска рехабилитација, стационар, физикална медицина и рехабилитација.



### 4.4. Здравствена установа - Природно лекувалиште „Негорски Бањи АД“ с.Негорци – Гевгелија -Локалитет „Негорски Бањи“, с. Негорци, општина Гевгелија

Користењето на термоминералната вода на локалитетот Негорски бањи с. Негорци Гевгелија е од дамнешен период. Температурата на водата се движи од 36-40 целсиусови степени и истата се користи за медицинска рехабилитација, стационар, физикална медицина и рехабилитација.

[2] Анализа на водата од републички завод за здравствена заштита, лаб. Број 3947 од 27.04.2000 година, Извештај од извршена анализа, ПМФ-УКИМ, број 03-775/1 од 25.04.2001 година.



**4.5. Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи – ЦАПА АД“ Дебар -Локалитети „с.Бањиште“ и „ с.Косоврасти“, општина Дебар**

Дебарскиот регион е богат со термо-минерални води кои се користат од најстари времиња. Термо-минералните води во Дебарските бањи имаат оптимална термпература за човековотот тело, 39 целсиусови степени во Бањиште и околу 42 целсиусови степени во Косоврасти. Водата е богата со негативни јони на хидрогенот и спаѓа во категорија на “alive waters” или води што имаат ефекти во лекувањето, и која во 1 литар вода има дури 4 грама сув остаток на разни минерали.




**Бања – Косоврасти**



Бања - Бањиште

**4.6. Здравствена установа „АД Цар Самуил“ с.Бањско Струмица-Локалитет с.Банско, општина Струмица.**

На локалитетот термоминералната вода се користела уште од античко време (III век), позната под Римска терма (бања) како доцноримско термално лекувалиште. Термоминерални води покрај за бањско лекување, се користеле и користат и за рекреација и за потребите на земјоделството.




Хотел Цар Самуил

## II.ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Целта на ревизијата на успешност е да се утврди дали се овозможува ефективно постигнување на целите - грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани.
Ефектите од мерките и активностите кои треба да бидат преземени во наредниот период со дадените препораки од страна на ревизијата, меѓу другото ќе обезбедат зголемување на ефикасноста на проектот во идниот период на неговата реализација.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година со цел да дадеме одговор на прашањето:
„дали со начинот на кој се реализира проектот се овозможува ефективно постигнување на целите - грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани“.

1.3. Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во субјектите опфатени со ревизијата беа насочени кон повеќе области и тоа како што следува:
- Законска регулатива, стратешки документи и донесени акти за проектот и
- Реализација на проектот.

### 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени повеќе субјекти кои се надлежни за реализацијата на проектот и тоа како што следува:
- Министерство за труд и социјална политика;
- Фондот за ПИОМ на Република Македонија;
- концесионери, правните субјекти кои стопанисуваат со бањите и тоа: Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања ДОО“ Катланово; Здравствена установа - Природно лекувалиште „Негорски Бањи АД“ с.Негорци – Гевгелија; Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи – ЦАПА АД“ Дебар и Здравствена установа „АД Цар Самуил“ с.Бањско Струмица.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Оваа ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на ефикасноста и ефективноста на проектот – бањско климатска рекреација на пензионери.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за унапредување на ефективноста на проектот – бањско климатска рекреација на пензионери за донесување на одлуки од страна на надлежните органи -и иницирање на корективни- дејствија кои ќе бидат содржани во препораките, произлезени од оваа ревизија на успешност.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност го следевме пристапот насочен кон резултатите, со кој сакаме да оцениме дали се постигнати резултатите или планираните остварувања односно дали проектот и предвидените услуги/цели во истиот се извршува според својата намена.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме техниките на ревизија на успешност:

- анализа и проучување на законската, подзаконската регулатива и стратешките документи,
- проучување на одредбите на склучените договори за реализација и плаќање на бањско климатска рекреација и лекување на корисници на пензија,
- извршени интервјуа и разговори со одговорни лица,
- увид и анализа во доставената поткрепувачка документација,
- истражувања со прашалници и
- други испитувања, анализи и проучувања.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 16.05.2016 до 14.10.2016 година. Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е периодот

од 2010 -2015 година до денот на изготвување на овој извештај, од тим на Државниот завод за ревизија.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 11.11.2016 година.

3.9. По спроведеното прелиминарно истражување како значајни области и ризици ги утврдивме следните:

**Област 1 - Законска регулатива, стратешки документи и донесени акти за проектот**

Ризик 1 - невклученост на реализираните активности од проектот во акциските планови на Стратегијата за стари лица 2010-2020 година;

Ризик 2 –отсуство на целосно зачувана комплетна документација од проектот, во делот на документацијата поврзана со рангирањето на корисниците за периодот 2010-2015 година, освен за 2016 година;

**Област 2 - Реализација на проектот**

Ризик 3 - неточноста на податоците и субјективност во реализацијата на рангирањето без користење на софтверски програм;

Ризик 4 - неуредување на прашањето на данокот на додадена вредност и таксата за привремен престој во склучените договори помеѓу МТСП и бањите;

Ризик 5 - неможност МТСП да ја интегира целокупноста на реализираните активности во рамките на проектот;

Ризик 6 - отсуство на потребни податоци од страна на МТСП за фактичките услови на реализација на проектот (сместување, исхрана, здравствени услуги и друго); и

Ризик 7 - ненавремено располагање со сите потребни податоци од страна на пензионерите и нивните семејства за правата и обврските на пензионерот корисник на услугите по проектот.

Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарните истражувања, оценивме за потребно да ја спроведеме ревизијата на успешност.

## РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

### 1. Законска регулатива, стратешки документи и донесени акти за проектот

1.1. Со цел да се подобри квалитетот на живеење на старите лица во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика во рамките на документите од областа на социјалната заштита во јуни 2010 година, донело Национална Стратегија за стари лица 2010-2020 година. Стратегијата претставува основен документ во кој се идентификуваат приоритетните области и задачи за делување. Една од стратешките цели утврдени во неа е развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита на старите лица, преку подобрен пристап до установи и услуги од здравствена заштита. Со Стратегијата предвидено е зајакнување на капацитетите за бањско лекување и рекреативни активности за потребите на старите лица, пензионери и дефинирана е Институционала рамка за нејзино реализирање преку спроведување на акциски планови за секое министерство.

Од причина што во реализација на целите на Стратегијата се вклучени повеќе институции како на централно така и на локално ниво[3], Владата на Република Македонија на 28.02.2012 година донела Одлука за формирање и Решение за именување на координатор и членови на Национално координативно тело за следење и континуирана евалуација на имплементацијата на Стратегијата за стари лица 2010-2020 година. Стручните, административните и техничките работи за ова тело утврдено е да ги извршува Министерството за труд и социјална политика.

Во функција на успешно спроведување на стратегијата, Министерството за труд и социјална политика како претседавач со Националното Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, во соработка со сите претставници на Координативното тело, подготвува интегрален годишен оперативен план за спроведување. Претставниците на Координативното тело, од владини и невладини организации кои што работат на полето на заштита на старите лица на годишно ниво подготвуваат извештаи за спроведени активности од својата надлежност и истите ги доставуваат до Министерството за труд и социјална политика, кое како претседавач со Националното Координативно тело подготвува годишен интегрален извештај кој заедно со оперативниот план за следната година се доставува до Владата на Република Македонија.

[3] Министерство за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа и единиците на локална самоуправа

Стратегијата за стари лица е насочена кон подобрување на нивниот социјален и економски статус, зајакнување на општествената кохезија, поттикнување и оддржување на нивната независност, спречување на нивната маргинализација и развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита. Со изготвување на годишниот оперативен план и следењето и информирањето за неговата реализација се обезбедува постапување во насока на остварување на стратешките цели. Исполнувањето на стратегијата се остварува преку имплементција на годишни акциски/оперативни планови за реализација на мерките предвидени во Стратегијата од страна на сите одговорни субјекти вклучени во реализација на истата.

Проектот бањско климатска рекреација на корисници на пензија кој се реализира од 2010 година е предвиден во Програмите за работа на Владата на Република Македонија за период 2011-2015 година и за период 2014-2018 година и истиот е опфатен и во Стратешкиот план на МТСП 2015-2017 година, во делот кој се однесува на Програми за постигнување на целите на МТСП, во делот Пензиско и инвалидско осигурување. За проектот Бањско климатска рекреација на пензионерите, кој е содржан во годишните оперативни планови за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година, Министерството за труд и социјална политика изготвува Акционен план со утврдени задачи, субјекти за нивна реализација и временска рамка во која истите треба да се реализираат. Комплетната проектна документација заедно со Информација за реализација на проектот за користење на бањско климатска рекреација на корисници за пензија за односна година со Акционен план за наредна година, изготвени од страна на МТСП се доставуваат до Владата на Република Македонија за разгледување и усвојување.

По разгледување на материјалот Владата дава заклучоци со кои ги задолжува инволвираните субјекти во реализацијата на проектот да преземат соодветни активности за реализација на Акциониот план.

Определените стратешки цели со Стратегијата за стари лица 2010-2020 година, меѓу кои и зајакнување на капацитетите за бањско лекување и рекреативни активности за потребите на старите лица, пензионери, како и вклученоста на Проектот бањско климатска рекреација на пензионери во Програмите за работа на Владата на Република Македонија за период 2011-2015 и 2015-2017 година, како и во Стратешкиот план на МТСП 2015-2017 година, влијаат на определување на рамка за реализација на наведениот проект.

1.2. Со увид во законските и подзаконските акти со кои се уредува архивското работење, односно Закон за архивски материјал, Уредба за канцелариско и архивско работење и Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариско и архивско работење утврдено е следното:

Распоредувањето на документираниот материјал се врши според планот на архивски знаци. Одбирањето на архивскиот од документираниот материјал и издвојувањето на документираниот материјал се врши редовно според листа на архивски материјал, односно листа на документиран материјал со рокови на негово чување. Имателот[4] донесува план на архивски знаци, листа на архивски материјал и листа на документарен материјал со рокови за негово чување и ги доставува до Државниот архив заради добивање на согласност за примена на планот и листите.
Директорот на Државниот архив на Република Македонија дава согласност за примена на планот на архивски знаци, листата на архивски материјал и листата на документиран материјал со рокови за негово чување, доколку се во согласност со законски и подзаконски прописи.
Општиот дел на Планот на архивските знаци е единствен за сите иматели, а посебниот дел го изработува секој имател, согласно неговата организациска структура, надлежности и основна дејност.
Планот на архивски знаци се изработува комисиски, со учество на службени лица од организационите единици кои ги создаваат или на кои се однесуваат документите/записите.
Во МТСП за 2011, 2014, 2015 и 2016 година, донесени се План на архивски знаци за распоредување на актите, Листа на архивски материјал и Листа на документиран материјал со рокови на чување, за кои со Решенија на Државниот Архив на Република Македонија добиена е согласност за нивна примена.
Имајќи во предвид дека проектот е повеќегодишен, истакнуваме дека во Листатата на документиран материјал со рокови на чување, предвиден е краток рок од една година за чување на материјалите што послужиле за изготвување на анализи, информации и периодични извештаи а се однесуваат на поткрепувачката документација поврзана со проектот.

Со извршената ревизија во документацијата поврзана со реализацијата на Проектот – бањско климатска рекреација на пензионерите, спроведените

[4] орган, правно или физичко лице со чие дејствување тој настанува или е носител на правото на владение над архивскиот и документираниот материјал

интервјуа со дел од членовите на Комисијата за разгледување, односно со вработените во Секторот ПИО при МТСП, како и со увид во актите кои се однесуваат на архивско работење во МТСП, ревизијата утврди дека постапувајќи по интерните акти за архивско работење, Комисијата за разгледување и рангирање на корисници на пензија за бањско климатска рекреација, не ја зачувала во целост, повеќе од една година комплетната добиена, создадена и доставена документација во МТСП по Проектот. Поради горенаведеното има отсуство на целосно зачувана комплетната документација поврзана со проектот за сите претходни години во делот на документацијата поврзана со рангирањето на корисниците и кварталните извештаи доставени до Владата на Република Македонија, за периодот од 2010-2015 година. За тековната 2016 година МТСП располага со наведената документација. Наведената состојба има влијание на неможност од потврдување на реалноста и објективноста на спроведените рангирања, во претходните години односно за периодот 2010-2015 година, односно документацијата која се однесува на отпочнивање и реализација на проектот финансиран од Буџетот на Република Македонија.

## 2. Реализација на проектот

### Начин на вршење бодирање, рангирање и изготвување на ранг листа

2.1. При реализација на Проектот – бањско климатска рекреација на пензионери МТСП има воспоставен начин на работа со употреба на информатичка технологија. Имено, МТСП податоците од ФПИОМ ги добива во електронска форма, MS Excel, потоа истите се обработуваат со апликативно решение, кое е изработено во рамките на МТСП со употреба на MS Access, со кои се врши првично бодување на поднесените барања.

Обработените податоци од првичното бодување се пренесуваат во електронски формат, MS Excel, кој се проследува до членовите на Комисијата која е задолжена за конечно бодување и рангирање. Промените во овие табели потешко можат да се следат, поради што постои ризикот од грешка при селекција, како и ризикот за комплетноста и целосноста на податоците.

Согласно Процедурата за реализација на проектите за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, извршивме тестирање на доделување на бодови согласно критериумите наведени во процедурата. При тестирањето на програмата која ја користат во ИТ Секторот при МПТС за спроведување на бодување на поднесените барања за 2016 година, од страна на ревизијата утврден е одреден системски пропуст, кој се однесува на

времетраење на пензија до една (1) година и истиот е коригиран во текот на вршење на ревизијата. За извршената корекција од страна на ИТ Секторот во МТСП, како доказ е доставен и програмскиот дел од апликацијата каде е извршена оваа корекција. Поради тоа ревизијата не дава препорака за овој дел. Ревизијата напоменува дека погоре наведениот системски пропуст не предизвикува импликации на податоците од 2016 година.

2.2. Проектот, Стратегијата за стари лица 2010-2020 година, содржат социјален, здравствен и рекреативен/туристички аспект, во функција на подобрување на животот на старите лица, пензионери. Врз основа на спроведените интервјуа, анализа на доставените одговорени прашалници и доставената документација ревизијата ги утврди подолу наведените состојби поврзани со реализацијата на наведените аспекти при реализацијата на Проектот во бањите и тоа:

**Социјален аспект на проектот**

Во рамките на програмските активности за обезбедување социјална заштита и социјална сигурност на старите лица во периодот на реализација на Проектот - Бањско климатска рекреација на корисници на пензија, од 2010 до 2015 година вкупно 32.960[5] пензионери ја искористиле можноста за бесплатен престој во бања во период од 7 дена, односно користење на 6 полни пансиони. Наведениот вкупен бројот на корисници, пензионери и придружници кои ја искористиле можноста за бесплатен престој во некоја од четирите (4) бањи во Република Македонија, во текот на шест (6) години, по проектот детално е прикажан во табелата подолу:

Број на корисници кои престојувале во бањите по Проектот – Бањско климатска рекреација на пензионерите во периодот од 2010 – 2015 година

| | Дебарски бањи АД Цапа Дебар | Катлановска бања доо Катланово | Негорски бањи АД с.Негорци Гевгелија | Цар Самоил – Банско - Струмица |
|---|---|---|---|---|
| Година | Број на корисници | Број на корисници | Број на корисници | Број на корисници |
| 2010 | 1.019 | 2.103 | 1.691 | 1.834 |
| 2011 | 1.109 | 1.166 | 1.138 | 1.275 |
| 2012 | 1.207 | 1.252 | 1.101 | 1.160 |
| 2013 | 990 | 1.149 | 1.216 | 1.269 |
| 2014 | 1.255 | 1.283 | 1.188 | 1.732 |
| 2015 | 1.997 | 1.635 | 1.631 | 1.560 |
| **Вкупно** | **7.577** | **8.588** | **7.965** | **8.830** |

[5] По доставените податоци од МТСП

Податоци во табелата погоре се добиени од МТСП, согласно кои, престој во бањите по проектот во најголем процент од 27% во однос на вкупниот број на корисници по проектот за период 2010-2015 година, е остварен во Хотел Цар Самоил – Банско Струмица, а најмал процент од 23% корисници е остварен во Дебарски бањи АД Цапа. Секоја година во период од шест години процентуалното учество на секоја бања во вкупниот годишен број на корисници варира и е различен, така што на пример во првата година на реализација на проектот 2010 година најголем број корисници престојувале во Катлановска бања доо Катланово, а во 2015 година најголем број корисници престојувале во Дебарски бањи АД Цапа. Некои од причините за различното учество на секоја бања во проектот земајќи го предвид бројот на корисници кои престојувале во бањата се: различниот број на пристигнати барања/апликации на пензионерите за користење на проектот, број на упатени пензионери во секоја бања по извршеното рангирање од страна на Комисијата за разгледување и рангирање на корисници на пензија и бројот на пензионери кои фактички ја искористиле услугата; расположивите сместувачки капацитети во бањите; бројот на останатите клиенти кои престојуваат во бањата во истиот период во кој престојуваат и корисниците по проектот и друго.
За реализацијата на проектот, односно обезбедување на бесплатен престој на пензионерите по проектот од Буџетот на Република Македонија преку МТСП во бањите, за период од 2010-2015 година исплатен е вкупен износ од 184.884 илјади денари. Процентуалното учество на секоја бања во наведениот износ, по години е прикажано во графиконот подолу и тоа:




Во наведениот вкупен исплатен износ од МТСП на бањите по проектот освен средствата за покривање на услугата – бањско климатска рекреација вклучен е и исплатениот износ на трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од

местото на живеење на корисникот (и на придружникот) до установата во која ќе се врши услугата на бањско климатска рекреација или до хотелскиот објект. Средствата за превоз МТСП ги пренесува на сметката на ПИОМ на РМ, според списоци на корисници и пресметка за превоз, а потоа ПИОМ средствата ги префрла на сметката на корисникот на услугата по утврдување од страна на Комисијата дека лицето ја искористило услугата.

Во дел од проектот со наслов „Проектни побарувања“ и во член 10 од Процедурата за реализација на проектот за користење на услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, определено е распределба на бодовите од 1 до 100 на подносителите на барањата за користење на услугата на бањско климатска рекреација, да се врши на начин, што најмногу бодови, до 60, односно до 50 бода се распоредуваат на делот кој се однесува на висината на пензијата, односно најмногу бодови се распоредуваат за најниската пензија. Податокот за висината на пензија, МТСП ја добива од Фондот за ПИОМ по податоците со кои располага истиот во матичната евиденција и евиденцијата за исплата на пензиски примања.

Земајќи ги предвид поставените цели на проектот констатиравме дека во однос на социјалниот аспект на проектот, постигнати се резултати во функција на реализација на поставените цели на проектот кои се однесуваат на грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на животот на старите лица.

**Рекреативен/туристички аспект**

Согласно определбите наведени во Проектот бањска климатска рекреација на пензионерите со истиот ќе се овозможи бањско климатска рекреација на корисниците на пензија, а истовремено ќе се развива и бањско климатскиот туризам.

Во добиените одговори во пополнетите прашалниците од страна на бањите даватели на услугата бањска климатска рекреација за проектот се наведени позитивни влијанија од истиот за бањите, за постигнување и реализирање на рекреативно, туристички аспект, при што е наведено како што следува:

- термините на престој по проектот, во една од бањите, се во период кога искористеноста на капацитетите во истата е на пониско ниво;
- во сите бањи се реализира престој на корисници по проектот кои прв пат доаѓаат во бања;
- рекламирање на бањите, од страна на задоволни пензионери, а задоволството од престојот го пренесуваат од еден на друг и наредната година приватно, повторно доаѓат, со роднини и пријатели;

- остварување на позитивен финансиски резултат во бањите, со учество на остварените приходи по проектот во однос на вкупно остварените приходи. Според добиените податоци од бањите, процентуалното учество на остварените приходи по Проектот - Бањско климатска рекреација на пензионери во периодот од 2010 до 2015 година, во вкупните остварени приходи во секоја бања, детално се презентиран во графиконот подолу:




- развој на бањскиот туризам, по основ на остварени ноќевања на пензионерите и придружниците во бањите по проектот.

  Врз основа на добиените податоци од бањите, учество на остварените ноќевања во бањите по Проектот - Бањско климатска рекреација на пензионери во периодот од 2010 до 2015 година во однос на вкупните ноќевања во бањата, детално се прикажани во графиконте подолу:







Пензионерите корисници на проектот кои престојуваат во бања, остваруваат привремен престој во истата во определен термин, со користењето на шест (6) полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно) согласно член 3 алинеја 1 од склучените договори помеѓу бањата и МТСП. Привремениот престој е уреден со

одредбите од Законот за таксата за привремен престој[6], согласно кој такса за привремен престој не плаќаат лица кои се наоѓаат на лекување (што се докажува со лекарско уверение) и странски државјани согласно меѓународни договори и спогодби. За дел од лицата/клиентите кои не користат здравствени услуги законот определува, таксата за привремен престој да се наплатува истовремено со наплатувањето на извршената услуга за ноќевање, во износ од 40,00 денари дневно наплатени од државјаните на Република Македонија и од странските државјани. Согласно член 8 од законот, наплатената такса, друштвата се должни да ја уплатат и тоа: 80% на сметката на единиците на локалната самоуправа и 20% на сметката на Буџетот на Република Македонија.

Со извршените интервјуа со претставници од бањите и согласно добиените одговори во пополнетите прашалници од бањите, ревизијата утврди дека бањите вршат евиденција на сите примени пензионери по проектот во книга на гости, а за остварените ноќевања на пензионерите и придружниците по проектот не постапуваат согласно наведениот закон.

Ревизјата напоменува дека во проектот и во склучените договори помеѓу бањите и МТСП не се земени предвид одредбите од Законот за такса за привремен престој, не е определено дека за лицата кои не користат здравствени услуги, односно престојуваат во бањата за рекреација, давателите на услугата по проектот, бањите да наплатуваат и плаќаат такса за привремен престој.

**Здравствен аспект**

Една од основните цели на проектот е подобрување на општата здравствена состојба на корисниците на пензија, а една од стратешките определби наведени во Национална Стратегија за стари лица 2010-2020 година е развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита на старите лица, преку мерката зајакнување на капацитетите за бањско лекување и рекреативни активности за потребите на старите лица, пензионери.

Во член 3 од склучените годишни договори помеѓу бањите и МТСП за реализација и плаќање на бањско климатска рекреација и лекување, предвидено е давателот на услугата, да дава одредени здравствени услуги и тоа:

- бањска терапија,
- еден задолжителен здравствен преглед за време на престојот и
- специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита.

[6] Службен весник 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/2011

Во Катлановска бања, Негорски бањи, Дебарски бањи - Цапа, и Хотел Цар Самоил се реализира здравствена дејност со користење на термоминаралната вода од изворите на локалитетите во близина на бањите.
Вршењето на здравствената дејност во бањите, како и начинот на плаќање на здравствените услуги кои ги пружаат здравствените установи, односно бањите на осигурените лица е определено со одредбите од Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигуривање и подзаконските акти донесени врз основа на истите.

Бањите кои се даватели на услугата по проектот, остваруваат приходи од државата по два основи и тоа:

- за извршени здравствени услуги по склучени договори со Фондот за здравствено осигурување и
- по проект „Бањско климатска рекреација на пензионерите“ по склучени договори со Министерството за труд и социјална политика.

Во содржината на Проектот и во член 10 од Процедурата за реализација на проектот користење на услугата на бањско климатска рекреација на корисници на проектот во кој е наведен бројот на бодови во распон од 1 до 100, распределени во различна висина според утврдени критериуми, не е предвидено, утврдување на нивната општа здравствена состојба и можноста за користење на бања, пред истите да бидат упатени како корисници на проектот.
Утврдувањето на општата здравствена состојба на корисниците на проектот се врши по приемот на пензионерите во бањата.
Наведеното погоре упатува дека во бањите престојуваат и пензионери кои поради нивната здравствена состојба не користат бањска терапија.

Врз основа на спроведените интервјуа, одговорените прашалници, анализата на доставената поткрепувачка документација и доставените податоци од бањите ревизијата утврди дека во бањите по проектот е воспоставена евиденција на начин наведен подолу и тоа:

- во книгата на гости, се врши евиденција на примени пензионери и придружниците, пристигнати во бањата, по добиени списоци изготвени од МТСП;
- тераписки (балнео) картон се пополнува при извршениот задолжителен здравствен преглед на секој пензионер пристигнат во бањата. Картонот содржи лични податоци на секој пензионер (име и презиме и друго), како и податоци за неговата општа здравствена состојба, но по потреба и податоци за потребна и реализирана терапија во бањата. Овој картон пензионерите го користат во периодот на нивниот престој во бањата, но во ниедна бања, пополнетите и

искористените картони, не се задржуваат откако пензионерот ќе замине од бањата;

- во амбулантна книга се врши евиденција на реализирани здравствени услуги на пензионерите по проектот. Во некои бањи е воспоставена една амбулантна книга за сите реализирани здравствени услуги во бањата, со наведување со посебна ознака дека дадената здравствена услуга е на пензионер корисник на проектот.

И покрај интерната евиденција во бањите на пензионерите и придружниците по проектот, со увид во фактурите од бањите и содржината на доставените списоци кон истите ревизијата утврди дека списоците не содржат податок за здраствените услугите кои се користени од страна на пензионерот и придружникот при нивен престој во бања по проектот. Отсуството на наведените податоци не е во согласност со член 7 од склучениот договорот помеѓу МТСП и бањата, кој се однесува на начинот на плаќање на услугата, во кој е определено кон фактурата давателот на услугите, задолжително да доставува список кој содржи, помеѓу останатите податоци и податок за видот на услугите кои се користени.

Согласно погоре наведената состојба, констатиравме дека ниту бањите ниту ФЗОМ не доставуваат податоци/ информација до МТСП за обемот на дадените здравствени услуги на корисниците на проектот, поради што МТСП не е во можност да ја интегрира целокупноста на реализираните активности во рамки на проектот, односно да го оцени вкупниот ефект од реализацијата на здравствениот аспект од проектот.

2.3. Бањите до МТСП фактурираат за реализираната услуга по проектот со опис „бањско климатска рекреација“, по нето цена од 990,00 денари, определена во склучениот договор помеѓу МТСП и бањата. Наведениот опис во фактурата упатува дека во бањите се извршува услугата „бањско климатска рекреација“, а не и здравствена услуга иако во договорите е предвидена можноста за користење и здравствени услуги.

Имено во фактурите издадени од бањите данокот на додадена вредност не е пресметан и искажан односно се користат ослободувањата кои се пропишани во член 23 точка 10 од ЗДДВ без да се стави клаузула на фактурите, каде е предвидено дека ....„даночните ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок е можно за давање на здравствени услуги од страна на болници, клиники, здравствени *домови, медицински и хемиски лаборатории за дијагностика, центри за рехабилитација и слични установи* “, .... односно

дадените услуги се третираат како услуги од центри за рехабилитација односно од бањите.

Наведените состојби укажуваат на потребата од доуредување на здравствениот аспект на проектот и преку прецизирање на прашањето на описот и видот на услугата која се фактурира од страна на бањите прашањето на данокот на додадена вредност, согласно даночната регулатива и нивно допрецизирање во склучените договори.

**Мониторинг**

2.4. Вршењето на мониторинг, односно надзор на реализацијата на Проектот – Бањско климатска рекреација на пензионерите и увид во состојбата на објектите, е определено да се спроведува на начин утврден во актите донесени во сите години на реализација на проектот 2010 – 2015 година и во тековната 2016 година и тоа: во содржината на Проектот, во Процедурата за реализација на проектот користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија, во Акционен план за реализација на проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија и во Договорите за реализација и плаќање на бањско климатска рекреација и лекување на корисници на пензија, склучени помеѓу бањите и МТСП.

Со извршената ревизија на наведените акти ревизијата утврди дека:

- во Проектот е предвиден мониторинг во текот на реализацијата на проектот, од страна на МТСП, и тоа на начинот на извршување на услугата и следење на финансиските средства за реализација на услугата, за што еднаш месечно ќе ја известува Владата на Република Македонија;
- во член 17 од донесените Процедури е предвидено дека *„Во текот на реализација на проектот за користење услуга за бањско климатска рекреација на корисници на пензија, МТСП ќе врши мониториг;*
- Акциониот план помеѓу останатото, предвидува активности „увид на состојбата на објектите за бањско климатска рекреација, од страна на МТСП и тоа континуирано“, како и „Извештај за состојбата на објектите за бањско климатска рекреација, од страна на МТСП, квартално“;
- член 8 од склучените договор упатува дека „Министерството за време на реализација на услугата од страна на давателот на услугите за бањско климатска рекреација и лекување има право да врши надзор над начинот на давањето на услугата, сметувањето, хигиената, исхраната и бањската терапија“ и во член 14 алинеја 2 обврска на министерството е „да врши надзор и контрола над примената на договорот.

На ревизијата е презентиран Записник изготвен од комисија формирана од министерот со решение од 17.12.2009 година, задолжена да изврши увид во

состојбата на објектите за бањска климатска рекреација, кој не е потпишан од страна на членовите на комсијата наведени во истиот и не е архивиран. Исто така од страна на министерот, донесени се две Решенија за формирање комисија за мониторинг за начинот на извршување на услугата по проектот и тоа на ден 06.02.2010 година и на ден 12.04.2016 година, а членовите на Комисијата од извршениот мониторинг во 2010 и 2016 година, треба да состават записник, кои не се презентирани на ревизијата.

Наведените состојби упатуваат, дека МТСП нема изавршено надзор и мониторинг на начин предвид со одредбите од проектот, процедурите, акционите планови и склучените договори, што влијае министерството, како носител на проектот да не располага со сите потребни податоци. Неизвршениот мониторинг оневозможува министерството, во секоја година на реализација на проектот да има конкретни сознанија за фактичките услови во кои се врши реализација на проектот во секоја бања, посебно во услови кога бањите, даватели на услугата имаат различни квалитативни и квантитативни сместувачки капацитети, храна, услови за давање здравствени услуги и друго; отсуство на следење на финансиските средства за реализација на услугата, не известување на Владата на Република Македонија еднаш месечно за истото; како и надзор и контрола над примената на одредбите од договорот.

Ревизијата напоменува дека по спроведените интервјуа во бањите и добиените одговори во прашалниците од бањите, е посочено дека секоја година, претставници од МТСП ја посетуваат бањата, но за реализираната посета бањата не добива записник.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Континуираната реализација на проектот во период од 2010-2015 година, влијае на остварување на позитивни влијанија од истиот како за корисниците на истиот, пезионерите, така и позитивното негово влијание и за давателите на услугата бањско климатска рекреација и лекување по проектот, односно за бањите. Земајќи ги предвид трите аспекти на проектот и тоа социјалниот, рекреативно туристичкиот и здравствениот аспект, ревизијата утврди дека во самиот проект како и во актите поврзани со реализацијата на истиот, склучените договори помеѓу МТСП и бањите, одредени прашања, не се целосно разработени и прецизирани. Со утврдените состојби од страна на ревизијата и дадените препораки по истите, треба да се разгледа можноста и потребата за негово продолжување во иднина, поради грижа за стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани.

## V. ПРЕПОРАКИ

1. Раководното лице во МТСП да преземе мерки и активности со кои при изработката на посебниот дел на Планот на архивски знаци да определат подолги рокови на чување на поткрепувачката документација поврзана со отпочнување и реализација на проект.

2. МТСП да преземе мерки и активности со кои во склучените договори со бањите ќе се доуреди прашањето на таксата на привремен престој и прашањето за данокот за додадена вредност согласно законските и подзаконските акти кои ги уредуваат овие области.

3. МТСП во соработка со надлежните институции, да ја анализираат можноста за уредување на начинот за потврдување на извршените здравствени услуги во бањите.

4. Бањите како даватели на услугата, согласно склучените договори, кон фактурата задолжително да доставуваат список со податок за видот на користените услугите по проектот.

5. МТСП да преземе мерки и активности со кои ќе врши мониторинг, надзор над начинот на давањето на услугата по проектот и увид во состојбата на објектите, на начин определен во проектот, процедурата, акционен план и склучените договори за што членовите на формираната комисија ќе изготвуваат записник.